**СОСТАНОК НА ОСЦЕ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ЧОВЕЧКОТО ЗНАЧЕЊЕ**
**Варшава, 5-15 Октомври 2004 г.**

# Македонското Малцинство во Грција
# Извештај на Македонското Движење за Човекови Права на Канада (МХРМЦ) И Виножито – Организација на македонското малцинство во Грција

Извор: http://www.mhrmc.ca/reports/04/osce_greece.html

## Содржинан

Вовед
Грчки Нео-нацисти Се Закануваат На Партијата На Македонското Малцинство ,,Виножито,,
Грчки Нео-фашисти Нападнаа 50-ет Годишен Човек
Грчката Влада Ја Малтретира Партијата ,,Виножито,,
Македонскиот Јазик и Европското Биро За Помалку Употребувани Јазици (ЕБЛУЛ)
Македонски Политички Бегалци Спречени Да Влезат Во Грција
Македонска Театарска Група Спречена Да Влезе Во Грција
Грција Одбива Да Го Регистира Домот На Македонската Култура и Покрај Пресудата На Европскиот Суд
Македонската Православна Црква и Отец Никодим Царкањас
Сопственик На Радио Станица Уапсен Заради Емитување На Програма На Македонски Јазик
Официјалниот Став На Грција за Македонското Малцинство и Извештајот На Стејт Департментот За Грција
ЕЦРИ и Препорачува На Грција Да Го Признае Македонското Малцинство
Заклучок
Контакт Информација на Македонски Организации за Човекови Права

## Вовед

Грција енергично одбива да признае постоење на било кое етничко малцинство на својата територија и се обидува да го потисне гласовите кои ги бранат човековите права. Едноставно поставување на прашањето за Македонското етничко малцинство во Грција предизвикува гневни реакции кај грчките граѓани и политичари. Поголемиот дел од грчкото општество ја поддржува владата во непризнавањето и дискриминацијата на бројното македонско малцинство. Во продолжение следат неколку примери на постојана повреда на правата на македонското малцинство од страна на Грција.

**Грчки Нео-нацисти Се Заканувaат На Партијата На Македонското Малцинство „Виножито„**

,,Виножито,, , партија на македонското малцинство во Грција, беше присилена да го откаже својот конгрес на двапати поради заканите кои ги доби од грчки нео-нацистички организации. ,,Виножито,, е легална политичка партија во Грција и таа не доби никакви гаранции за безбедност од страна на грчката полиција, ниту пак грчката влада интервенираше и покрај постојаните апели упатени од ,,Виножито,, и од Европската Слободна Алијанса од Европскиот парламент (каде ,,Виножито,, е член). За да ги видите писмата кои грчката влада ги игнорираше и други теми кои го опкружуваа конгресот, посетете ја интернет страницата www.mhrmc.ca/issues/congress.html. Ниту еден грчки медиум или политичар не ги осуди заканите на нео-нацистите. Напротив, неколку медиумски изјави и осврти ги величеа овие закани! За фотографии од демонстрациите и статиите во печатот ве молиме посетете го претходно споменатиот линк. Следуваат неколку примери за грчката расистичка пропаганда против Македонското етничко малцинство :

*,, Анти-грчка провокација во Воден : На 30ти Ноември, 2003 г., ќе се одржи конгрес на философјани во Воден. Еден по еден , се промовираат настани кои создаваат мрежа која се заканува да уништи се што е национално во нашата земја. ,, (Златна зора -13 Ноември, 2003г. )*

*,, Пред три недели ,, Слободен свет,, ја разоткри комплетната програма на конгресот на философјаните од ,,Виножито,, во која се истакнуваше не-грчкиот карактер на Македонија ... за среќа, имаше жители на таа област кои алармирани од нашата публикација презедоа акција и ги осудија и на крајот ниту еден сопственик на сала во градот Воден не сакаше да излезе во пресрет на философјаните. Сосема е јасно дека тајните и итри планови на некој во нашата Македонија доаѓаат од високи места. И кога тие се најдоа во тешкотија и не беа во можност да го одржат својот конгрес во приватна просторија, тие искористија јавна сала. Па бидејќи тие опстојуваат на овој курс, тие ќе го добијат застрашувањето кои си го бараат и следната Недела ние ќе најдеме грчки патриоти кои ќе ги сопрат нив...( **,,**Слободен свет**,,** - неделен магазин, 30 Ноември, 2003)*

*,, Ние ќе се спротиставиме на тоа, сите кои се Грци мораат да демонстрираат во Недела, 7 Декември во 11:00 часот. Тие мораат да бидат во Воден за да стават крај на пропагандата на ,,Виножито,,. Сите ние , во еден глас ќе извикаме силно - ,,Македонија е една и е грчка,, (,,Златна зора**,,** , 4ти Декември ,2003 г.)*

*,, Запрете ги провокациите на Философјаните : странските интереси на ,,заштитниците,, можат да се најдат кај овие интернационални агенти од секаков вид кои се анти-грчки и философјански и работат на сила да создадат случај на скопско малцинство во нашата Македонија. Ние мораме да реагираме веднаш бидејќи утре ќе биде предоцна. Не ги заборавaме предавниците или оние кои работат за странски интереси. Не*

*можеме да го прифатиме распродавањето на Македонија на Славо-скопјаните. Се повикуваме на националното достоинство. Никаков компромис од никаков вид за нашата Македонија. Собир во Недела , 7 ми Декември, 2003 г. во 11:00 наутро во Централен Воден. Сите мораат да бидат таму! ,, (,,Златна зора**,,** , 4ти Декември, 2003 г.)*

Во своето обраќање до јавноста на 8ми Декември, 2003 г., партијата ,,Виножито,, ги опишува настаните кои го следеа откажувањето на конгресот:

*,, Виновничкиот молк на одговорните исто така покренува логични прашања, како и одбивањето на преставниците на локалните партии да го осудат феноменот на расистичко и неонацистичко однесување во Воден.*

*Во контекст на овие инциденти, Организациониот комитет на конгресот реши да го одложи настанот, земајќи ја во предвид јавната сигурност, откако властите не успеаа да дадат гаранција за безбедноста за настанот, бидејќи одржувањето на истиот може да предизвика нетрпеливост и нереди.*

*Ова е ситуацијата во Грција денес, на почетокот на 2004 г. Најверојатно, Грција е единствена Европска земја каде национализмот е легална политичка парола, каде расизмот, анти-семитизмот, ксенофобијата и дискриминацијата на малцинствата се доста чести, станувајќи така дел од секојдневието, како на степен на општествена така и на степен на политичка парола и примена.*

*Ова е ситуацијата во Грција , земја – домаќин на Летните Олимписки Игри во 2004 г., земја која всушност лицемерно го промовира мотото ,, За една култура на сите култури,, ; земја - членка на Европската Унија, која остро се спротивставува на потпишувањето на Рамковната Конвенцијата на Советот на Европа за Правата на Малцинствата; земја која кон припадниците на турското малцинство се обраќа со ,,Муслимани,, и која не признава постоење на македонско малцинство; земја која одбива да ја потпише Повелбата за Регионални или Малцински Јазици, додека само разговара за правата на Грците во Истамбул и Јужна Албанија . ,,*

Бартоломеј Свидерек од Европската Слободна Алијанса по посетата на Грција на 11ти Декември 2003 г. го заклучи следното:

*,, Партијата Виножито, која има одлични врски со малцинските групи и организациите за човекови права во Грција, се судира со неколку проблеми, од кои повеќето се поврзани со недостаток на официјално признавање на македонското национално малцинство во Грција. Имам впечаток дека било каква активност на партијата, колку и да е мирољубива, предизвикува силни реакции од крајно-десничарските групи и дел од грчкото општество кое е поврзано со митот за ,,Елинистичката*

*чистота на земјата,, и е исплашено од ,,Славо-Турско-Европски,, заговор против Грција.*

*Навистина ме чуди што конгрес на демократска и легална партија мораше да биде откажан поради безбедносни причини, додека крајно-десничарските групи можат да ги организираат своите настани без никакви проблеми. Вреди да се забележи дека отворено-Нацистичките организации како претходно споменатата ,,Златна Зора,, се легални во Грција и можат да се мешаат во политичките активности на една малцинска партија.*

*Предлагам Европската Слободна Алијанса да го набљудува развојот на настаните во Грција и да и ја дава потребната помош на партијата Виножито во нејзините активности.,,*

Партијата Виножито конечно беше во можност да го одржи својот конгрес на 30ти Мај, 2004 г. Следуваат неколку извадоци од соопштението за печат:

*,, 30ти Мај 2004 г. го одбележа успешното завршување на 1-от Конгрес на партијата Виножито, која од 26ти Март 2004 г. е членка-основач на Европската Слободна Алијанса (ЕСА). Оттогаш, таа ќе учествува на Грчката политичка арена под името Европска Слободна Алијанса - Виножито.(Evropaïki Eleftheri Symmahia-Ouranio Toxo ). Беа одржани избори за нов Централен Совет, составен од 24 членови и за проширениот Политички Секретаријат, составен од 9 члена. Од името на Централниот Совет и од името на членовите на партијата, новиот Политички Секретеријат сака да се заблагодари на Грчката влада, полициските власти во Солун и на премиерот Константинос Караманлис, лично, за одобрувањето на барањето на нашиот претседател Нели Маес и за превземањето на сите потребни мерки за да се заштитат учесниците на Конгресот , особено нашите гости од Европа, како и за обезбедувањето на неговиот непречен тек. Сепак, нескладен со однесувањето на властите беше пратеникот на Нова Демократија и сегашен Префект на Солун, Панајотис Псомијадес, кој во врска со Конгресот јавно даде изјава дека :*
*,, (Е) флагрантна повреда на секој принцип на национално достоинство, национална свест и минимално чувство за национална гордост за нашиот град да се согласи да биде домаќин на Конгрес организиран од страна на Виножито, агенција која е позната по нејзините анти-национални погледи, погледи кои директно ги повлекуваат нашите национални рефлекси и ги навредуваат елинистичките чувства било каде на светот, особено оние на Македонците.* (се мисли на Грците кои живеат во северната грчка покраина - Македонија - заб. на прев. ). *Поради ова, ние ги осудуваме овие кругови и нивните делегати ги сметаме за непожелни во Солун.,, .*
*Веруваме дека изјавата на Префектот им даде зелено светло на нео-нацистичките елементи да одржат насилни демонстрации. Овие забелешки беа во спротивност со демократски настроените граѓани на градот , фракцијата на Префектот , како и на Премиерот на земјата. ЕСА-*

*Виножито жали што земја-членка на Европската Унија беше присилена да превземе крајно безбедносни мерки за да обезбеди одржување на Конгрес на легално признаена Европска политичка партија како што е нашата. Исто така жалиме што, со многу мали исклучоци ( како на пример НВО Грчкиот Хелсиншки Монитор и левичарската партија АЕКА - Солун), ниту една друга политичка партија или организација не завзеде јавен став против изјавите на господин Псомијадес и против насилните протести на нео-наци елементите. Ова е доказ за демократскиот дефицит во Грција. Исто така сме вознемирени од фактот дека Грција е единствена земја во ЕУ каде нео-нацизмот под закрила на патриотизмот, е легитимна форма на политичко изразување. Поради ова ја изразуваме нашата подготвеност да ги ставиме нашите политички напори во правец на поширока демократизација и европеизација на Грција. Исто така , би сакале да го покажеме нашето присуство преку вклучување во политичката трка и процесот на обликување на Обединета Европа како наша заедничка татковина. Поради тоа бараме од гласачите да ги подржат нашите кандидати на претстоечките Европски Парламентарни избори на 13ти Јуни 2004 г.*

**Грчка Нео-Фашистичка група нападнала 50-ет годишен маж**

Извадоците кои следуваат се од 1ви Септември, 2003 г. , од еден напис во грчкиот весник Елефтеротипија , насловен како ,, Министерот свика и полицијата се разбуди,, . Англискиот превод со учтивост на: http://www.maknews.com/.

,,Беше потребно Министерот за правда , Филипос Петсалникос да интервенира за полицијата да реагира и уапси двајца членови на Златна Зора кои беа обвинети за претепување на граѓанин.

Инцидентот се случил вечерта на 30ти Август 2003 г. , ден Сабота, за време на маршот на членовите на Златна Зора во градот Костур. Според обвиненијата на 50-сет годишниот Христос Михос, тој бил претепан од членови на Златна Зора. Слична судбина имаше и минувачот кој се обидел да му помогне. Обете жртви биле однесени во болницата во Костур каде добиле медицинска нега.

Жртвите сакаа да ги тужат извршителите и побараа полицијата да ги уапси напаѓачите кои тие ги идентификуваа. Сепак, полицијата ги ,,охрабрила,, жртвите да тужат без да ги именуваат нивните напаѓачи! За овој случај дознал Министерот за правда , Филипос Петсалникос кој воедно е и избран пратеник во Парламентот од Костур.

Министерот за Елефтеротипија изјави :,, Го потсетив шефот на полицијата дека инцидентот се случил на Грчка територија и дека според Уставот и законите треба да биде превземена правна акција врз посочените личности и истите да бидат уапсени, особено поради тоа што тие се идентификувани и именувани од страна на жртвите,, .

По ноќната интервенција на Министерот , полицијата беше мобилизирана во раните утрински часови и обете личности одговорни за нападите беа приведени. Денес тие ќе бидат изведени пред судот во Костур. Министерството за Јавен ред исто така беше информирано за оваа негрижа и невнимание на полицијата.

Во текот на вчерашниот ден, 35 членови на Златна Зора останаа пред полициските простории во Костур и 5 часа ја држаа блокирана една од најпрометните улици во градот барајќи ослободување на двајцата нивни уапсени членови. На пладне, за да демонстрираат сила, отпатуваа во Лерин и марширајќи по главните улици извикуваа слогани како на пр. - ,, Словените треба да си одат од Грција ,, .

**Грчката Влада Ја Малтретира Партијата ,,Виножито,,**

Партијата Виножито беше предмет на напади, како вербални така и физички, од страна на грчката јавност, медиуми и дури и од страна на некои претставници на владата. Партијата Виножито истакна двојазичен знак на македонски и грчки јазик пред своите простории во Лерин во 1995 год., што предизвика силен метеж и негодување во градот. Грчките националисти, предводени од градоначалникот на Лерин, ги нападнаа и уништија просториите на партијата. Четворица членови на Виножито беа обвинети заради ,,предизвикување и иницирање на взаемна нетрпеливост помеѓу граѓаните,, од чл. 192 на Грчкиот Кривичен Законик. Виножито всушност беше осудена заради јавната употреба на мајчиниот јазик. Откако уследија осуди и реакции од целиот свет , членовите на Виножито беа конечно ослободени од оптужбите во 1998 г.. Сепак, извршителите на злоделата никогаш не беа обвинети и заради тоа Виножито покрена тужба пред Европскиот суд за човекови права против нив.
Грчките медиуми и претставници на владата постојано се обраќаат кон членовите на Виножито како ,,агенти на Скопје,, , ,,сепаратисти,, и ,,непријатели на Грција,,. Виножито не добива никаква медиумска застапеност кога учествува на изборите, туку напротив, тие се напаѓани секогаш кога за тоа постои можност.

Во продолжение следуваат прашања поставени од страна на грчкиот евро-парламентарец , господинот Ставрос Ксархасос до Европскиот парламент на 19ти Март, 2003 г.. Поднесокот беше насловен како ,,ЕБЛУЛ и систематското клеветење на членка на ЕУ,,.

,, Добро е познато дека демократските слободи и културолошки разлики во Грција се потполно заштитени со закон. Во овој контекст живее Муслиманското малцинство Грчка Тракија... џамиите се изградени и обновени со пари од грчката држава,,.

*,, Кои се активностите на ЕБЛУЛ во земјите во кои културниот идентитет на малцинствата е загушен , како што е случајот , на пр., со Грците .. . во Турција?,,.*

*,,Истоветна слобода уживаат и другите малцински групи, колку и да се мали, како што е и малата Словенско-говоречка заедница во регионот на Лерин, која основа политичка партија која ужива потполна слобода на дејствување ( има свои канцеларии, весници, слобода да ги распростанува своите идеи и која сепак не пропушта да ги навредува и злоупотребува Грција и Грците),,.*

*,,Дали Комисијата (која обезбедува финансиска поддршка на активностите на Канцеларијата на ЕБЛУЛ) ги дели историски неоснованите погледи на М. Брезигар а кои се однесуваат на наводното постоење на ,,Македонскиот јазик?,,*

**Македонскиот Јазик и Европското Биро За Помалку Употребувани Јазици (ЕБЛУЛ)**

Во својот извештај насловен како ,,Звукот на тишината - Македонското малцинство во Грција во 2001,, , Грчкиот Хелсиншки комитет истакнува:

,,...Грчката влада постојано одбива да дозволи Македонскиот јазик да се изучува во училиштата, дури и во селата каде мнозинството од населението зборува Македонски. Грчката влада, преку нејзиниот портпарол и Министер за Печатот и Мас Медиуми Димитрис Репас, ја одби молбата на Евро парламентарната група ,,Зелените и Европската Слободна Алијанса,, до премиерот Костас Симитис, поднесена во Мај 2000г., за признавање на Македонскот јазик и негово вклучување во образовниот систем,,.

И покрај грчкото противење, Европското Биро За Помалку Употребувани Јазици отвори канцеларија во Солун во 2002 г. , со Насе Парисис, етнички Македонец и активист за човекови права, како нејзин прв претседател. Иронично е што ЕБЛУЛ, кое ги промовира јазиците на малцинствата, отвори канцеларија во земја која тврди дека во неа не постојат малцинства.

**Македонски Политички Бегалци Спречени Да Влезат Во Грција**

На 8ми Јуни, 2003 год., грчкиот заменик-министер за надворешни работи, Андреас Ловердос (Andreas Loverdos), даде една историска најава ветувајќи слободно враќање на Македонските политички бегалци, евакуирани од Грција како деца за време на Грчката Граѓанска Војна од 1946-1949. Децата-бегалци беа постојано одбивани во нивните барања за влез во Грција едноставно бидејќи го истакнуваа својот Македонски етнички идентитет. Тие беа исклучени од законот од 1982 г. кој им дозволи враќање на политичките бегалци кои беа ,,Грци по род,,.

Одговарајќи на прашање за слободна посета на ,,не-етничките Грци,, кои се политички бегалци, Г-нот Ловердос изјави: *,, откако ги надминавме сите овие проблеми од минатото и граѓанската војна... Ние сакаме да го надминеме овој остаток од минатото што е можно порано одколку покасно ... во текот на ова лето. ,,*

Настаните кои следеа по оваа ,,историска,, најава на Ловердос покажаа дека земјата која за себе смета дека е западна демократија, всушност постојано докажува дека е потполна спротивност на тоа. Следејќи го националистичкото негодување на голем дел на грчкото општество, кое беше загрижено дека политичките бегалци ќе го ,,поттикнат,, локалното Македонско население  на повозвишено чувство на национализам, грчката влада го отповика своето решение и избра да ја попречува средбата на секој начин. Таа на 3ти Јули, 2003 г. најави  дека на политичите бегалци ќе им биде дозволено да влезат во земјата од 10ти Август до 30ти Октомври и дека ќе им биде дозволено да останат само 20-ет дена. Датумот за одржување на Третата Светска Средба на децата - бегалци  беше максимално изрекламиран  и таа требаше да се одржи од 15ти до 20ти Јули, 2003 г. Најавата на грчката влада ги принуди организаторите да го презакажат настанот за 10-15ти Август , што предизвика голем дел од бегалците, особено оние од Канада, САД и Австралија , да го пропуштат настанот бидејќи тие планираа да влезат во Грција пред 10ти Јули.

Вреди да се забележи дека Грција, земја на Европската Унија, го промени своето хуманитарно решение во корист на расизам кој е поддржан од државата и кој е наголемо е присутен во Грција.

Од луѓето кои се обидоа да влезат во Грција заради средбите, се проценува дека на околу 200 Македонци им беше забранет влезот во текот на летото на 2003 г.

На 20ти Јули 2003 г., австралискиот граѓанин Јанко Калинчев, родум од **Овчарани** (Мелити на Грчки) и канадскиот граѓанин Ѓорги Кизовски, родум од **Габреш** (Гаврос), се обидоа да влезат во Грција од Република Македонија со цел да ги посетат своите родни огништа. Сепак, тие беа вратени од страна на претставниците на грчките погранични власти кои воедно и одбија да им дадат образложение, наместо тоа велејќи дека не им се дозволува влез поради ,,други причини,,.

Според г-нот Кизовски, ,,Грчката влада има црна листа на луѓе кои се активни во Македонските организации низ светот и кои отворено се декларираат како Македонци. Ние очигледно бевме вратени од границата поради нашето членство во Асоцијацијата на Децата - Бегалци од Егејскиот дел на Македонија во Австралија и Канада,, . Грчките власти јавно објавија дека 80 Македонски активисти кои живеат во странство се на ,,црната листа,, . Во изјавата за јавноста на 10ти Август 2003 г., Грчкиот Хелсиншки Монитор  изјави :

*,, Нивното спречување да влезат врз основа на нивната активност е во директна спротивност на специјалните мерки на ОН, ОБСЕ, Советот на Европа и ЕУ за одговорностите на државите за почитување и дури одбрана на НВОте (невладините организации ) и активистите за човекови права,, .*

Во Јули 2002 г., граничен документ кој го докажува постоењето на ,,црната листа,, , која Грчката влада ја негираше дека постои, му беше даден на Стив Плијакис (Steve Pliakes), познат активист - Македонец од Канада. Понатаму, Гувернерот на префектурата на Лерин , Г-нот Г. Стратакис, јавно го обзнани постоењето на црната листа на 23ти Јули 2003 г. Ултра-националистичкиот весник ,,Стохос,, дури и ги објави имињата на скоро половината од Македонците кои беа на таа листа во своето неодамнешно издание. Во своето обраќање до јавноста на 10ти Август 2003 г. , партијата Виножито ја опишува средбата :

*,, За жал, оваа ,,хуманитарна мерка,, се претвори во фарса. Уште еднаш, на големото мнозинство на Македонските политички бегалци дури и за едноставна посета им беше забранет влез во Грција,. На 10ти Август 2003 г. делегација на Виножито беше присутна на граничниот премин Ники-Негочани во Лерин. На ниту еден политички бегалец (од повеќе од дваестемина кои се појавија помеѓу 11.00 и 13.00) на кој во патните исправи местото на раѓањето им беше со македонското име , не им беше дозволен влезот во Грција. Влезот им беше забранет на оние кои имаа пасоши на Република Македонија , како и на оние со пасоши на други земји, како Австралија, Чешка и Унгарија. Граничните власти во формуларите не ја наведоа вистинската причина (ова ни го објаснија усно), а наместо тоа, тие наведуваа други причини.*

*Апсурдноста на случајот со Македонските политички бегалци кои имаат патни исправи на Република Македонија е таа што Грција не ги признава овие исправи бидејќи името на земјата кое го содржат е ,,Република Македонија,,. Сепак, и покрај тоа , таа бара од македонските политички бегалци кои поседуваат вакви пасоши да го сменат имињата на родните места во пасошите кои Грција не ги признава. Поради овие причини, а во согласност со меѓусебниот договор меѓу двете држави од 1995 г., патниот документ кој Грција го признава не е пасошот, туку бел лист од А4 формат на кој има виза. Можеби нашата земја ќе треба да го смени своето гледиште и конечно да го прифати Република Македонија како име на свој сосед?*

*Што се однесува до македонските бегалци од други Европски земји кои имаат потпишано пристапни договори со ЕУ (Чешката Република, Словачка, Унгарија, Полска, Словенија), се прашуваме како Грција ќе им ја објасни забраната за влез на владите на овие земји? Како ќе постапува после Април 2004 г. кога овие земји ќе станат полноправни членки на ЕУ? Како тогаш ќе им ја објасни забраната за влез на рамноправните*

*Европски граѓани кои се потчинуваат на законите, и кои имаат право да влезат во Грција со едноставно покажување на своите лични карти? Дали тогаш Грција ќе ги стави овие граѓани на црна листа како непожелни личности?*

*Можеби Грчката влада и грчкиот министер за надворешни работи може да ни објаснат - ако причината за забрана за влез во нашата земја е , навистина употребата на имињата на топоними, што претставуваат особени аспекти на јазичното и културното наследство и на Грција и на Европа - зошто употребата на овие имиња би била причина за забрана за влез? Може ли да се наведат примери на некои други Европски земји кои имаат забрането влез на свои поранешни граѓани од истата причина?*

Вана Ничовски и нејзиниот сопруг Крис, обајцата канадски државјани од македонско етничко потекло, кои побегнале во Полска после Грчката Граѓанска Војна, се обидоа да влезат во Грција на 21ви Јули 2003 г. Г-ѓа Ничовски е родена во Статица (Мелас на грчки), Костур (Касторија на грчки), во пасошот е напишан како Костурија . Грчките гранични власти инсистираа дека ,, ова не е грчкото име на градот и дека звучи премногу Словенски,, и поради тоа не и беше дозволен влез ,, .

Грција постојано им забранува влез на луѓе кои во своите пасоши ги имаат оригиналните македонски имиња на градови и села , наместо со новите грчки топоними кои се во употреба по 1926-та година. Во своето обраќање до јавноста на 1ви Август 2003 г., партијата Виножито, политичката партија на Македонското малцинство во Грција истакна:

*,,Грција треба да воспостави запишување на топонимите , како старите така и новите имиња, кое што е пракса и обичај во многу демократски замји, особено бидејќи постојат такви мерки во меѓународните текстови кои се однесуваат на заштитата на наследството на јазични, религиозни или етнички малцинства,, .*

Грчката влада го користеше ова како изговор за да им забрани влез на десетици македонски политички бегалци. Партијата Виножито понатаму истакнува:

*,,Нека секој демократски граѓанин на Грција размисли како тој или таа би процениле слично однесување на друга земја доколку таа би делувала против свое Грчко малцинство. Да претпоставиме, на пример, дека албанската влада му забранува влез на еден од своите поранешни граѓани, припадник на грчкото малцинство, кој ја напуштил Албанија за време на Грчко-Италијанската војна во 1940та година, албанското државјанство му било одземено а неговиот имот конфискуван од страна на државата. Да претпоставиме дека таа личност денес живее во Канада или Австралија и во неговиот Канадски или Австралиски пасош, неговото место на раѓање не е споменато како Драч (Албанското име на град во Јужна Албанија), туку Дирахио (името на истиот град на Грчки јазик).*

*Како тогаш да ја процениме таквата постапка на Албанската влада? Како ќе го процениме ставањето на други такви граѓани на листа на ,,непожелни личности,, од страна на албанското министерство за надворешни работи, бидејќи во Мелбурн или Торонто тие членуваат во грчки а не албански културни здруженија? Што ќе кажеме доколку албанската влада им го одземе нивното државјанство и им забрани да ги посетат нивните фамилии и места на потекло во Јужна Албанија се додека се живи? Зарем нема, правилно да го окарактеризираме таквото однесување како расистичко и нечовечко?,,*

Следуваат коментари на грчкиот парламентарец Евгениус Хаитидис (Evgenios Haitidis), кои се однесуваат на Македонските политички бегалци. Тие коментари го покажуваат ставот на грчкото општество кон Македонското малцинство:

*,, Тие се подли сепаратисти, кои непречено делуваат не само надвор од Грција туку и внатре, толерирани или дури и помагани од страна на членови на владата,, ;*

*,, Нивната примарна цел е признавање на ,,Македонско Етничко Малцинсво во Грција,, , додека нивна крајна цел е самоуправа, односно одвојување од грчката територија,,.*

Г-нот Хаитидис тврди дека Македонските политички бегалци *,,се осудени од страна регуларните судови како соработници на непријателот и криминалци и се одликуваат со силна анти-грчка активност во странство,,.*

На 7ми Јануари 2004 г., заменикот-министер за надворешни работи на Грција , уште еднаш најави дека случајот со црната листа и македонските политички бегалци конечно ќе биде решен. Тој вети дека црната листа ќе биде избришана и дека етничките Македонци кои сакаат да влезат во Грција нема да бидат условувани со ништо.

Ѓорги Сарагил, етнички Македонец ог Лерин, Грција, емигрирал во Канада во 1969 г. и станал канадски државјанин. Тој има патувано во Грција неколку пати во осумдесетите и деведестетите, но сепак во Јули 2000 г. му беше забранет влез и му беше кажано дека се наоѓа на црната листа на Грција. Му беше советувано да се консултира со грчкиот конзулат во Торонто за повеќе информации. По второто обраќање на г-нот Ловердос, г-нот Сарагил испрати писмо (www.mhrmc.ca/press/04/saragil.html) до грчкиот конзулат во Торонто барајќи од нив да ја потврдат најавата (на Ловердос) и да му биде кажано дали ќе му биде дозволено да влезе во Грција. Тој сеуште нема добиено одговор.

Грција мора да биде притисната за да престане да дава празни ветувања и конечно да го реши случајот на Македонските политички бегалци и црната

листа. Европската Унија мора да бара една од нејзините членки да престане со дискриминацијата на граѓани на други држави само врз основа на нивната македонска етничка припадност.

**Македонска Театарска Група Спречена Да Влезе Во Грција**

Следува цитат од изјавата на Тихомир Стојановски, уметнички директор на македонската театарска група **„**Скрб и утеха**„** на Третата Македонска Светска Конференција за Човекови Права во Светот на 20ти Септември 2003 г.

*„Ние требаше да го посетиме Лерин, во Република Грција, (Егејска Македонија) во Септември 2001 г. Грчката канцеларија за врски во Скопје и кажа на агенцијата која требаше да не однесе во Грција и да обезбеди визи за нас дека : „ова е политика и претстави на македонски јазик не се дозволени во тој дел на Грција?!„. Ние им испративме многу писма, вклучително и поканата од Домот на Македонската Култура во Лерин. Зборувавме и по телефон. Тие се сретнаа со нас и ни кажаа дека ќе не известат за нашите визи по писмен пат. Помина подолго време, а ние немаме добиено никаква информација. Зборував двапати со грчкиот конзул г-нот Михалополус и тој ми кажа дека Атина нема да ни издаде визи поради безбедносни прични. Тие не ни издадоа никаков писмен документ дека нема да ни издадат визи. Неофицијално, претстави на македонски јазик не се дозволени во овој дел на Грција?! Напишав отворени писма до Г-нот Папандреу, Министерот за Надворешни Работи и Министерот за Култура на Грција. Грчкиот Хелсиншки Монитор ги издаде писмата во својот годишен извештај за 2001 г. : 30ти Декември 2001г., „Звуците на Тишината - Македонското Малцинство во Грција во 2001 г. „*
(www.greekhelsinki.gr/bhr/english/special_issues/cerd.html).

**Грција Одбива Да Го Регистира Домот На Македонската Култура и Покрај Пресудата На Европскиот Суд**

Европскиот Суд за Човекови Права ја осуди Грција поради повреда на слободата на здружување во случајот на Сидерополус и другите против Грција во 1998 г., поради тоа што не дозволи регистрација на Домот на Македонската Култура. И покрај повторните обиди оттогаш, Домот на Македонската Култура (ДМК) наиде на бројни пречки во обидите за регистрација. Целосен преглед на настаните кои го следеа одивањето на регистрацијата од страна на Грција може да се најдат на специјалната интернет страница на Грчкиот Хелсиншки Монитор за овој случај:
www.greekhelsinki.gr/bhr/english/special_issues/home_of_macedonian_civilization.html
Најсвеж пример е оној од Јуни 2003 г., кога ДМК пополни апликација до Првостепениот суд во Лерин (со судија - поединец ). По поголемо одлагање, судот донесе решение на 19ти Декември 2003 г., со кое се одбива апликацијата на ДМК и во кое се наведени следниве срамни тврдења:

*,,Формулацијата на членовите на статутот на здружението е нејасна и може да предизвика конфузија во поглед на вистинските цели... Употребата на терминот ,,Македонска Култура,, ја зголемува конфузијата поврзувајќи се со непостоечки јазик , опишан како ,,Македонски,, ... Признавањето на таква организација содржи директна опасност за јавниот ред и овозможува искористување од страна на странски агенти, кои се обидуваат од време на време, неуспешно да фабрикуваат историско непостоечка ,,Македонска Нација,, ... Поради горе наведните причини, ние ја одбиваме регистрацијата,, .*

Грција продолжува да се подбива со Европскиот Суд за Човекови Права и очигледно нема намера да го регистрира ДМК и покрај одлуката на Европскиот суд од 1998 г. Европската Унија мора да ја поддржи оваа одлука и да ја присили Грција под итно да го регистрира Домот на Македонската Култура.

На уште една Македонска организација, Русали, не и беше дозволена регистрација од страна на грчките судови во 2000 г.

**Македонската Православна Црква И Отец Никодим Царкањас**

Отец Никодим Царкањас беше малтретиран, претепан, казнет, затворен и протеран од Грчката Православна Црква заради застапување на човековите права на македонското малцинство во Грција. Тој исто така беше предмет на неколку судски процеси, во кои беше осуден во отсуство, заради промовирање на човековите права на македонците. Тој започна со изградба на македонска православна црква во градот Соботско (Аридеја на грчки) и таму тој одржува религиозни служби на македонски јазик секоја Недела. Поради ова, тој беше осуден на три месеци во затвор на 11ти Мај, 2004 г. од страна на Првостепениот Кривичен суд во Соботско под обвинение за востановување и водење на црква без дозвола на властите. За повеќе информации, погледнето го соопштението за печат на Отец Царкањас на www.mhrmc.ca/news/04/tsarknias.html и Извештајот за Религиозните Слободи во Светот на Стејт Департментот на САД од 2004 г. на www.mhrmc.ca/news/04/statedept_religious.html .

Во својот извештај, ,,Звуците на Тишината - Македонското Малцинство во Грција во 2001 г.,, , Грчкиот Хелсиншки Монитор го опишува ставот на Грчката Православна Црква кон Македонците :

*,, Во исто време, во ретките случаи кога, и покрај преовладувачки непријателското расположение кон таквите случувања, родителите ќе посакаат да го крстат своето дете давајќи им македонски имиња, грчките православните свештеници одбиваат да го сторат тоа и честопати тоа се завршува со тоа што произволно им ги даваат грчките еквиваленти на имињата. Во 2001 г., ГХМ И МРГ-Г беа информирани за два такви скорешни случаи. На 23ти Април 1998 г. , во Мелити (Лерин, Западна Македонија), во црквата Св. Ѓорги, и го наметнаа името Домна на девојче*

*чии родители, Евангелос и Елизабет Анастасидис сакаа таа да биде крстена по нејзината баба Донка,,.*

**Сопственик На Радио Станица Уапсен Заради Емитување На Програма На Македонски Јазик**

СЕЕМО (Организација на Медиуми од Југо-Источна Европа)
http://www.seemo.org/

Извештај за печат: Грција - Виена , 9ти Јуни 2004 г.

Со седиште во Виена, СЕЕМО, мрежата на уредници, извршни продуценти и водечки новинари во Југо-Источна Европа и партнер на Меѓународниот Новински Институт (ИПИ), е длабоко загрижена заради скорешниот развој на настаните со медиумите во Грција.

Според информациите со кои располага СЕЕМО, на 4ти Јуни, 2004 г., ден Петок, полицијата влезе во просториите на приватното радио ,,Македонски звук,,( Makedonikos Ichos) во Негуш (Naoussa), го запре емитувањето и го уапси сопственикот, Арис Вотарис. Официјалното објаснение е дека оваа радио станица нема дозвола за локално или регионално емитување. Вотарис беше ослободен после неколку часови, но против него беше подигнато обвинение поради илегално емитување и недостаток на документи. Вотарис е (Словен) Македонец и честопати емитувал традиционални песни и игри на македонски јазик, а исто така и го употребувал Македонскиот јазик во програма.

Според мислењето на СЕЕМО , изненадувачки е што само ова радио беше затворено, додека истовремено, според наши извори постојат многу радио станици кои работат во Префектурата на Иматија и Пела (Северна Грција) под исти услови. СЕЕМО бара од грчките власти да го забрзаат процесот на правење на прописи за радио станиците како Македонски Звук , кои работат на регионално или локално ниво.

Би сакале да потсетиме, дека е од најголемо значење за новинарите тоа да тие ја вршат својата работа слободно и дека независните медиуми се многу важни за демократскиот развиток на секоја земја.

**Официјалниот Став На Грција за Македонското Малцинство и Извештајот На Стејт Департментот За Грција**

На 7ми Април, 2003 г., МХРМЦ издаде новинско соопштение (www.mhrmc.ca/press/03/statedept.html) по повод Извештајот на Стејт Департментот на САД ,, Извештај за Примената на Човековите Права во Земјите - 2002 : Грција,, во кое протестираше против постојаното погрешно претставување на македонското малцинство. Грчкиот Хелсиншки Монитор ,исто така, протестираше кај Стејт Департментот на САД, бојкотирајќи ја Американската амбасада во Грција , и испрати

поплаки до Хелсиншката комисија на Конгресот на САД. Следствено по протестите, Стејт Департментот направи некои измени во својот Извештај од 2003 г. (издаден на 25ти Февруари, 2004 г.) , но сепак тој е сеуште неадекватен во поголемиот дел и ја отсликува официјалната грчка позиција дека македонското малцинство е нелегитимно. Следуваат извадоци од нашето соопштение до јавноста од 2003 г. :

Македонското движење за човекови права од Канада е запрепастено од постојаната погрешна интерпретација на македонското малцинство во Грција од страна на американскиот Стејт Департмент во својот ,, Извештај за Примената на Човековите Права во Земјите - 2002 : Грција,, . И покрај бројните апели на МХРМЦ и други меѓународни НВОи (види го соопштението за јавност на ГХМ од 18ти Март, 2002 г. на: www.greekhelsinki.gr/bhr/english/organizations/ghm/ghm_18_03_02.rtf), Стејт Департментот на САД продолжува да дава погрешни изјави кои се однесуваат на македонското малцинство во што може да се види обид да се смират и задоволат грчките чувства кон македонскиот проблем. На пример, кога зборува за македонското малцинство, Ст. Департментот терминот македонско го става во наводници. Ова оддава впечаток дека Ст. Департментот се согласува со официјалната грчка позиција дека ова малцинство е нелегитимно. Македонското малцинство и јазик се меѓународно признаени како такви, но Ст. Департментот сепак го проблематизира нивниот легитимитет преку овој извештај со тоа што зборува за нив како за ,,Славо-Македонци,, и ,,Словенски дијалект,, и давајќи изјави како:

*,,Северо - Западна Грција е дом на неутврден број на граѓани кои дома зборуваат на Словенски дијалект, особено во Леринската област. Според груби проценки ги има од 10.000 до 50.000. Мал број од нив се идентификуваат како посебна етничка група и го бараат своето право на статус на ,,македонско,, малцинство,, .*

Повеќето проценки покажуваат дека македонското малцинство на големо ги надминува бројките кои се наведени претходно. Македонците живеат ширум областа на Егејска Македонија, не само во Леринскиот регион. Понатаму, голем број се идентификуваат како етнички Македонци, што не е незначителен сегмент, како што наведува извештајот.

Неколку локални и меѓународни НВОи (Не-Владини Организации), вклучително и македонските активисти во Грција , постојано контактираа со Стејт Департментот како би обезбедиле информации и би известиле за кршењето на човековите права кои ги трпи македонското малцинство. Ст. Департментот на САД селективно одлучува кои информации да ги искористи што оди во прилог на аргументот дека неговата главна цел е задоволување на своите интереси, а не постигнување на човекови права за угнетените малцинства. Грчкиот Хелсиншки Монитор ја заврши својата изјава за јавност во 2002 г. изјавувајќи :

*,,Ставот (на Американскиот Стејт Департмент) кон Македонците во Грција, што може да се види од годишниот извештај, не може да се смета за превид или како резултат на недостаток на информации; напротив е поддршка и намерна политика на повластување на грчките власти во врска со најчувствителниот случај со човекови права во Грција. Таков став не се покажува кон бугарските власти кои имаат сличен однос кон Македонците, чии проблеми се споменати во соодветнотото поглавие,,.*

МДЧПК (МХРМЦ) го повикува Стејт Департментот на Соединетите Американски Држави да ги исправи своите грешки од минатото и да издаде итно новинско соопштение за да ги исправи погрешните наводи за македонското малцинство во Грција.

**ЕЦРИ и Препорачува На Грција Да Го Признае Македонското Малцинство**

Следуваат делови од извештајот на ЕЦРИ. За целиот погледнете на: www.coe.int/t/E/human_rights/ecri/1-ECRI/2-Country-by country_approach/Greece/ Greece_CBC_3.asp

Македонците и другите малцински групи

80. Во својот втор извештај, ЕЦРИ ги охрабрува властите да обезбедат сите групи во Грција, вклучително и за Македонците и Турците , да уживаат во нивните права на здружување во согласност со меѓународните правни стандарди.

81. ЕЦРИ го бележи фактот дека грчките власти се поподготвени да го признаат постоењето на малцинските групи како што се Помаците и Ромите, вклучително и фактот дека одреден број на припадници на овие групи имаат мајчин јазик различен од Грчкиот. Како и да е, другите групи како што се Македонците и Турците на пример, сеуште се соочуваат со тешкотии. Денес, лицата кои сакаат да го изразат својот македонски, турски или друг идентитет го навлекуваат гневот на населението врз себе. Тие се цел на предрасуди и стереотипи и понекогаш се судираат со дискриминација, особено на пазарот на трудот. Во пресудата по случајот на Сидерополус и др. против Грција , од 10ти Јули 1998 г., Европскиот суд за човекови права наоѓа дека одбивањето за регистрација на здружението ,,Дом на Македонската Култура,, претставува мешање во слободата на здружување, гарантирана во чл. 11 на Европската конвенција за човековите права. ЕЦРИ го осудува фактот дека 5 години по пресудата на Европскиот суд за човекови права, ова здружение сеуште не е регистрирано и покрај постојаните апликации кои се доставуваат од страна на неговите членови. ЕЦРИ го истакнува фактот дека во тек се случаи пред грчките судови, кои се однесуваат на здруженија во чие име стои и именката ,,Турски,, .

82. ЕЦРИ нагласува дека властите го презедоа првиот позитивен чекор на патот кон помирување, со отварањето на своите граници за неколку дена, летото 2003 г. на лицата од македонско потекло кои биле присилени да ја напуштат Грција за време на Граѓанската Војна , кога повеќето од нив биле деца. Сепак, ЕЦРИ го осудува фактот што на лицата кои имаат пасоши во кои името на родното место во Грција е наведено на Македонски , а не на Грчки, им беше забранет влез на грчка територија.

83. ЕЦРИ го истакнува фактот дека претставници на македонската заедница побарала од властите да го признаат нивното право на самоопределба, како и на постоење на македонско национално малцинство во Грција. Тие исто така повикаа на ратификација на Рамковната Конвенција за Заштита на Националните Малцинства и на Европската Повелба за Регионални или Малцински Јазици, сметајќи дека тој чекор може да ја подобри нивната положба во Грција.

Препораки:

84. ЕЦРИ ги охрабрува грчките власти да превземат дополнителни чекори кон признавањето на слободата на здружување и изразување, на членовите на македонската и турската заедница кои живеат во Грција. Го поздравува гестот на помирување направен од страна на грчките власти кон бегалците од Граѓанската Војна , етнички Македонци, и енергично ги поттикнува да продолжат во тој правец, на не-дискриминаторски начин.

85. ЕЦРИ исто така препорачува грчките власти подобро да ги разгледаат наводите за дискриминација и нетрпеливост кон Македонците, Турците и другите малцинства и ако е можно, да преземе мерки за казнување на таквите постапки.

86. ЕЦРИ енергично им препорачува на грчките власти да започнат дијалог со претставниците на Македонците со цел изнаоѓање на решение за тензиите помеѓу оваа група и властите, како и помеѓу нив и населението во целина, за да се постигне соживот и взаемно почитување кое е во интерес на сите.

**Заклучок:**

The Macedonian Human Rights Movement of Canada (Македонското Движење за Човекови Права од Канада) ја повикува меѓународната заедница да изврши притисок врз Грција и да го сопре расистичкото бележење на лицата со македонско потекло, веднаш да се реши проблемот со македонските политички бегалци, да се укине расистичкиот закон од 1982 г. кој им дозволува враќање во Грција само на политичките бегалци - етнички Грци и веднаш да го признае своето бројно македонско малцинство и да му ги даде човековите права кои се загарантирани со сите меѓународни конвенции за човекови права. МХРМЦ особено бара од Европската Унија да стави крај на своето лицемерие со тоа што бара од

новите земји - членки да ги почитуваат стандардите за човековите права, додека ги игнорира кршењата на истите права во самата Европска Унија.

**Напишано од :**
**Бил Николов**
**President, Macedonian Human Rights Movement of Canada**
Address: P.O. Box 44532, 2376 Eglinton Ave. East, Toronto, Canada M1K 5K3
Tel: 416-493-9555 Fax: 416-412-3385
Email: mail@mhrmc.ca Website: http://www.mhrmc.ca/

**Презентирано од:**
**George Papadakis**
**Rainbow – Organization of the Macedonian Minority in Greece**
Address: Stephanou Dragoumi 11, P.O. Box 51, 53100 Florina, Greece
Tel, Fax: ++ 23850 46548
Email: vinozito@otenet.gr Website: http://www.florina.org/

**За повеќе информации обратете се до Македонското Движење за Човекови Права од Канада или следниве организации на Македонци во Грција:**

**Rainbow Party/Vinozhito**
Stephanou Dragoumi 11
PO Box 51, 53100 Florina, Greece
Tel/Fax: ++ 23850 46548
Email: rainbow@florina.org
Website: http://www.florina.org/

**Home of Macedonian Culture**
Stephanou Dragoumi 11
PO Box 51, 53100 Florina, Greece
Tel/Fax: ++ 23850 46548

**European Bureau for Lesser Used Languages - Greece**
President - Nase Parisis
PO Box 100, TK 59100, Naousa, Greece
Tel: ++ 23850 22570
Email: greblul@otenet.gr
Website: http://www.eblul.org/

**Father Nikodim Tsarknias**
Aegeas Sophias 13
Aridea, Pellas, 58400 Greece
Tel: ++23840 23271
Fax: ++23840 21778